*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/24-348*
*15.05.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026 година со Одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.21), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- На исток се движи по границата на КП 1313/9, по границата на КП 1315/1, и по границата на КП 1277/1.
- На запад по осовина на новопроектирана магистрала ул.1
- На север по осовина на градска магистрала ул.Гоце Делчев
- На југ ја сече КП1396/1, ја сече КП 1395/2, ја сече КП 1278 и ја сече КП 1394/1

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 5,13ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 20 мај 2026 год (среда) и истиот ќе трае до 3 јуни 2026 год (среда).

Јавната анкета и јавната презентација за Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 4 јуни 2026 (четврток) до 17 јуни 2026 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 11 јуни (четврток) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*